СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

**ЕУ ЦЕНТАР**
*мај 2023 година*
*ЕУЦ-број 83/2023*

## ПОСТРОГИ ПРАВИЛА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ВО СВЕТОТ

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Построги правила за борба против корупција во Европската Унија и во светот | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Разговори за уставни реформи во Италија | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Пролетна економска прогноза | 6 |
| Царинска реформа на ЕУ | 6 |
| Евробарометар | 7 |
| Трендот на нафтените деривати во 2022 година | 7 |
| Макрофинансиска помш за Северна Македонија | 8 |
| Директивата на ЕУ за минимална плата | 8 |
| Младинската награда Карло Велики 2023 | 9 |
| Иницијатива за реформа на одлучувањето во ЕУ | 9 |
| Европски закон за медиуми | 10 |
| Укинување на мерките за енергетска поддршка | 10 |
| Во ЕУ живеат 446,7 милиони луѓе | 11 |
| ЕУ календар / јуни 2023 | 11 |


Корупцијата како глобална и транснационална појава според проценките достигнува најмалку 5% од светскиот БДП. Корупцијата ја загрозува демократијата, владеењето на правото, човековите права, мирот и меѓународната сигурност, а истовремено и го отежнува постигнувањето на целите за одржлив развој во Европа и во светот.

Европската Комисија на 3 мај, годинава, претстави нови предлози за борба против корупцијата, кои се важен чекор на национално и на ниво на ЕУ. Комисијата своето дејствување ќе го зајакнува преку засилување на напорите - спречувањето на корупцијата да се интегрира во креирањето на политиките и програмите на ЕУ и да обезбеди активна поддршка во работата на земјите-членки во воспоставување на силни антикорупциски политики и законодавство.

Комисијата во рамки на годишното известување за владеењето на правото во ЕУ, го следи и развојот на случувањата во областа на борбата против корупцијата на национално ниво, идентификува предизвици и дава препораки до земјите-членки.

Новиот предлог на мерки содржи построги правила за криминализација на казнени дела на корупција и усогласување на санкциите во цела ЕУ, како и воспоставување посебен режим на санкции во рамки на Заедничката надворешна и безбедносна политика за тешки дела на корупција во светот. Новите мерки се насочени кон превенција и создавање култура на интегритет каде корупцијата не се толерира, и истовремено се зајакнуваат механизмите за спроведување на закондавството.

Клучни елементи на предлозите на Комисијата се:

- Комуникација за борба против корупцијата преку формирање Мрежа на Унијата за борба против корупција, која ќе ги обедини сите тела на казнениот прогон, јавни тела, граѓанскиото општество, експерти.
- Построги правила за борба против корупцијата преку модернизација на правната рамка на ЕУ и донесување нова директива за борба против корупцијата, која треба да обезбеди спречување корупција и градење култура на интегритет, постоење единствен правен акт за сите казнени дела на корупција и санкции и обезбедување ефективни истраги и кривично гонење на корупцијата. Во однос на прашањето на имунитетот или привилегии во врска со истрагата и гонењето - земјите-членки ќе бидат обврзани да обезбедат дека во текот на истрагите за корупција, имунитетот и привилегиите може да бидат укинати преку ефективна и транспарентна постапка, законски и навреме воспоставена.
- Проширување на пакетот на инструменти за санкции достапни во рамки на ЗБНП за да се опфатат сериозни дела на корупција, според кои Унијата би можела да презема чекори против сериозни корупциски дела во светот, без оглед каде се тие извршени.

Предложената антикорупциска директива ќе се дебатира во Европскиот парламент и во Советот, додека за новата предложена рамка за антикорупциски санкции на ЗНБП е надлежен Советот.

https://ec.europa.eu/commission

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***пленарна сесија 8 - 11 мај 2023***

Отворањето на сесијата започна со едноминутно молчење во сеќавање на жртвите од престрелките во Србија.

Европарламентот усвои став за новиот закон за намалување на емисиите на метан од енергетскиот сектор за да се постигнат климатските цели на ЕУ и да се подобри квалитетот на воздухот. Ја повикува Комисијата да предложи обврзувачка цел за намалување на емисиите на метан во ЕУ до 2030 година за сите релевантни сектори до крајот на 2025 година. Земјите-членки треба дополнително да постават национални цели за намалување како дел од нивните интегрирани национални планови за енергија и клима.

Германскиот канцелар Олаф Шолц во дебатата со европратениците за време на серијата „Ова е Европа“, повика на обединета Европа способна да се промени за да го обезбеди своето место во светот.

Европарламентот даде зелено светло за суспендирање на увозните давачки на ЕУ за украинскиот извоз на земјоделски производи за уште една година за поддршка на економијата на земјата. Предлогот беше поддржан со 537 гласа.

Откако компанијата производител на алуминиум „Алу Иберика“ во шпанскиот регион Галиција прогласи банкрот, 303 поранешни вработени ќе добијат повеќе од 1,2 милиони евра помош од Европскиот фонд за прилагодување на глобализацијата за раселените работници (ЕГФ).

Европратениците со 561 глас го поддржаа предлогот на Комисијата да ѝ се дадат до 145 милиони евра поддршка на Владата на Молдавија за стабилизирање на економската состојба на земјата. Поддршката, во вкупна вредност од 45 милиони евра во грантови и до 100 милиони евра во заеми, ќе биде исплатена на две рати планирани за третиот и четвртиот квартал од 2023 година, под услов Молдавија да исполни одредени услови на политиката.

Европратениците со 518 гласа одобрија да започне итна постапка за брзо продолжување со законскиот предлог за Законот за поддршка на производството на муниција (АКТ), поднесен од Европската комисија на 3 мај.

На пленарната сесија европратениците усвоија резолуција со предупредување за влијанието на зголемените трошоци за задолжување за наплата врз буџетот на ЕУ за следната година, ставајќи ги во опасност водечките програми на ЕУ. Европратениците се „длабоко загрижени дека, без да се преземат неопходни мерки, зголемените трошоци за задолжување за Инструментот за закрепнување на Европската Унија (EURI), веројатно, сериозно ќе ја ограничат способноста на буџетот на ЕУ да ги финансира приоритетите и политиките на Унијата и да одговори на новите потреби“.

Европарламентот го одобри спроведувањето на буџетот на ЕУ за 2021 година за повеќето институции на ЕУ, освен за Европскиот совет. Најголемиот дел од трошоците на ЕУ ги управува Европската комисија, чии буџетски перформанси беа одобрени од Европскиот парламент со 421 глас.

Во резолуцијата усвоена со 356 против 199 гласа европратениците даваат оценка за досегашниот реформски процес според „патоказот за воведување нови сопствени ресурси“. Тие истакнуваат дека „финансиите на ЕУ минуваат низ критичен период каде што недостатокот на реформи би имал многу штетни ефекти врз идната Европска Унија, нејзините политики, цели и довербата на Европејците и инвеститорите во Унијата.

Шест години откако ЕУ ја потпиша Истанбулската конвенција - првиот правно обврзувачки меѓународен инструмент за спречување и борба против насилството врз жените и девојчињата, таа сè уште не е ратификувана поради одбивањето на неколку земји-членки, и покрај повеќекратните повици на европарламентот за таа цел. Мислењето на Судот на правдата на ЕУ од 6 октомври 2021 година потврди дека Европската Унија може да ја ратификува Истанбулската конвенција без согласност на сите земји-членки.

## ДОГОВОР ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРВИОТ ЗАКОН ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА



Европратениците гласаа за одобрување на пристапувањето на Европската Унија кон Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените, со што се заклучи улогата на ЕП во процесот.
Нормализирањето на односите меѓу Белград и Приштина е приоритет и предуслов за пристапувањето на двете земји во ЕУ, истакнаа европратениците. Во двата усвоени извештаи европратениците ги повикаа Србија и Косово да се вклучат во дијалогот Белград-Приштина и без одлагање да обезбедат сеопфатен, правно обврзувачки договор за нормализација на односите заснован на принципот на меѓусебно признавање.
Во својот говор пред европратениците, португалскиот претседател, Марсело Ребело де Соуса, ги идентификуваше повоеното закрепнување, проширувањето, миграцијата и енергијата како главни предизвици за ЕУ.
Европскиот парламент усвои три резолуции за почитување на човековите права во Алжир, Белорусија и во Мјанмар.
Со 544 гласа европратениците го одобрија предлогот за нова директива за зајакнување на потрошувачите за зелената транзиција. Неговата главна цел е да им помогне на потрошувачите да направат еколошки избори и да ги поттикне компаниите да им понудат потрајни и поодржливи производи.

## РАЗГОВОРИ ЗА УСТАВНИ РЕФОРМИ ВО ИТАЛИЈА



Италијанската премиерка, Џорџија Мелони, на 9 мај започна состаноци со опозициските партии за нејзините планови за реформирање на уставот и ставање крај на хроничната политичка нестабилност во третата по големина земја во еврозоната.
Иако Италија има речиси 70 влади од Втората светска војна, двапати повеќе од бројот во Велика Британија и Германија, повторените обиди за поцврст систем секогаш пропаѓале во низата конкурентни визии.
Мелони истакна дека е важно да се обиде да најде широка поддршка за промени. „Сметаме дека ова е важна конфронтација за нашата демократија да одобри мерки што не можат да се одложат“, истакна Мелони.
Италија воведе бројни контроли во својот устав од 1948 година за да се обиде да спречи друг диктатор како Бенито Мусолини да ја преземе власта.
Критичарите велат дека системот резултирал со коалиции со вртење на вратите кои тежеле врз меѓународниот кредибилитет на Италија и го отежнале спроведувањето на многу потребните реформи.
Мелони, чиј десничарски блок победи на изборите минатата година, истакна дека е отворена за предлози но, јасно стави до знаење дека би сакала земјата да усвои претседателски систем, со директен избор на моќен шеф на државата.
Секоја промена на уставот треба да обезбеди двотретинско мнозинство во двата Дома на парламентот. Доколку тоа не се случи, секој предлог мора да биде ставен на референдум.
Последниот сериозен напор да се донесе промена не успеа во 2016 година, кога тогашниот премиер Матео Ренци поднесе оставка откако на референдумот беше отфрлен неговиот план за рационализирање на парламентарниот систем.

https://www.thelocal.it

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, се сретна со европратениците Андреас Шидер, Марион Валсман, Александар Јорданов, Богдан Рзонца и Тијс Реутен, кои учествуваат на дводневниот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет – Северна Македонија и ЕУ, односно тело за парламентарен дијалог меѓу пратениците на Собранието и на Европскиот парламент. На состанокот присуствуваа и пратеничката Соња Мираковска, во функција на копретседавач на Комитетот од страна на Собранието, амбасадорот на ЕУ, Дејвид Гир и генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова. Во однос на Резолуцијата за напредокот на Северна Македонија за 2022 година, која треба да биде усвоена во Европскиот парламент, Џафери изрази очекување таа да биде објективна и да го содржи напредокот на земјата врзан за Копенхашките критериуми.



На 16 мај 2023 година претседателот Џафери оствари средба со Рајнер Вилант, потпретседател на Европскиот парламент и член на Комитетот за уставни прашања на Европскиот парламент и со европратеникот Свен Симон, член на Комитетот за уставни прашања на ЕП. На средбата Џафери информираше за процесот на скрининг и потребата од уставни измени за натамошно одвивање на процесот со одржување на Втората меѓувладина конференција со Европската Унија, која и конкретно би значела отворање на преговорите за членство во европското семејство.

Претседателот Џафери на 10 мај 2023 година оствари средба со делегацијата на пратеничката група за соработка со Собранието на Република Северна Македонија од Австрија. На средбата Џафери се заблагодари на континуираната поддршка на Австрија на евроинтегративниот процес на нашата земја и изрази надеж дека овие средби на парламентарно ниво ќе придонесат кон натамошно развивање на меѓусебните односи.
Делегацијата оствари средба и со претседателот на ПГ на Собранието за соработка со австрискиот Парламент, Арбер Адеми и со членовите на групата. Адеми истакна дека  дека вакви средби се можност за размена на искуства во повеќе области.
Средба со делегацијата осварија и членовите на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, со заменик-претседателот на Постојаната анкетна комисија, Елми Назири, Клубот на пратенички, претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми и со членовите на Комисијата.







Претседателот Џафери, кој ја предводеше државно црковната делегација на 23 мај 2023 година на Аудиенцијата кај Папата Франциск, честитајќи му ја 10-годишнината од Понтификатот на Папата Франциск, истакна дека односите меѓу Република Северна Македонија и Светата Столица се нераскинливо поврзани преку историски врски на важните личности од заедничкото минато и се темелат на заедничките историски, културни и верски традиции. Во рамки на официјалната посета на Ватикан, претседателот Џафери оствари средба со претседателот на Домот на пратеници на италијанскиот Парламент, Лоренцо Фонтана.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

На 16 и 17 мај 2023 година во Собранието се одржа дводневниот 21. состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Северна Македонија и ЕУ. На дневниот ред на првата сесија беше владеењето на правото и борбата против корупцијата, граѓанското општество и медиумите, добрососедските односи и регионалната соработка. Состанокот го отворија Соња Мираковска и Андреас Шидер, копретседавачи на МПК. На втората сесија во фокус беа мерките за справување со загадувањето и енергетската криза, добрососедските односи и регионалната соработка. Извештајот за Дијалогот „Жан Моне“; разгледување на нацрт-амандманите и усвојување на препораките, како и утврдување на местото и датумот за следниот состанок. На 21. состанок членовите на МПК РСМ-ЕУ на 17.5.2023 г. едногласно усвоија препораки.





Шефот на Делегацијата на Собранието во Парламентарното собрание на Советот на Европа, Дарко Каевски, учествуваше на состанокот на Комисијата за политички прашања и демократија, кој се одржа во Севиља, Шпанија на 11 и 12 мај 2023 година. На дводневниот состанок пратениците дебатираа за улогата на Советот на Европа во спречувањето конфликти, враќањето на кредибилитетот на меѓународните институции и промовирањето на глобалниот мир,  за меѓусебните врски меѓу Советот на Европа и Европската политичка заедница.

Во рамките на соработката за демократски развој Делегацијата на Собранието во состав: Фадил Зендели, претседател и членовите Маја Морачанин, Мартин Костовски, Александар Велјановски, г-ѓа Гордана Силјановска Давкова, Арбана Пашоли, Халил Снопче, Снежана Калеска—Ванчева и Здравко Трајанов престојуваа во дводневна студиска посета на Стокхолм на 22 и 23 мај 2023 година. На студиската посета беа споделени искуства и од работата на пратениците во македонското Собрание, нивниот професионален ангажман, надоместоците на кои имаат право, како и на бенефициите кои пратениците ги уживаат по завршувањето на нивниот мандат.





На 17 мај 2023 година Мануел Сарацин, специјален пратеник на Владата на Сојузна Република Германија за Западен Балкан, во Собранието оствари одвоени средби со пратеници од различни пратенички групи застапени во законодавниот дом. Сарацин се сретна со членови на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, а потоа оствари средба и со пратеничката група на СДСМ и Коалицијата, на која германскиот специјален пратеник ја реафирмира континуираната поддршка од Германија за процесот на интеграција на Северна Македонија во  ЕУ. Потоа пратеникот оствари средба со членови на ПГ на Алијанса за Албанците, со пратениците Павле Трајанов од Демократскиот сојуз, со Движењето Беса и Африм Гаши од Алтернатива.

## ПРОЛЕТНА ЕКОНОМСКА ПРОГНОЗА




Почетокот на годината ги зголемува изгледите за раст на економијата на ЕУ на 1,0% во 2023 година (0,8% во Зимската привремена прогноза) и 1,7% во 2024 година (1,6% во зима). Според прелиминарната блиска проценка на Еуростат, БДП порасна за 0,3% во ЕУ и за 0,1% во еврозоната во првиот квартал од 2023 година. Водечките показатели укажуваат на континуиран раст во вториот квартал.
По достигнувањето на врвот во 2022 година, вкупната инфлација продолжи да се намалува во првиот квартал од 2023 година во услови на нагло забавување на цените на енергијата. Базичната инфлација во март достигна историски максимум од 7,6%, но се предвидува постепено да опаѓа во текот на прогнозираниот хоризонт бидејќи профитните маржи ги апсорбираат повисоките притисоци на платите и условите за финансирање се заоструваат. На годишна основа, базичната инфлација во еврозоната во 2023 година е поставена на просечна 6,1%, пред да падне на 3,2% во 2024 година, останувајќи над основната инфлација во двете прогнозирани години.
Стапката на невработеност во ЕУ достигна ново рекордно ниско ниво од 6,0% во март 2023 година, а стапките на учество и вработеност се на рекордно високо ниво. Растот на вработеноста се предвидува од 0,5% оваа година, пред да се намали на 0,4% во 2024 година. Се предвидува дека стапката на невработеност ќе остане над 6%.
Соодносот на вкупниот долг на ЕУ во однос на БДП се предвидува да опаѓа постојано до под 83% во 2024 година (90% во еврозоната), што е сè уште над нивото пред пандемијата.
Европската комисија објавува две сеопфатни прогнози (пролет и есен) и две привремени прогнози (зима и лето) секоја година. Привремените прогнози го покриваат годишниот и кварталниот БДП и инфлацијата за тековната и следната година за сите земји-членки, како и агрегатите на ЕУ и еврозоната.

https://ec.europa.eu/

## ЦАРИНСКА РЕФОРМА НА ЕУ




Европската комисија на 17 мај 2023 година предложи реформа на царинската унија на ЕУ, со која се предвидува и воведување царини за производите чијашто вредност е помала од 150 евра.
Со предложената реформа се укинува сегашниот праг врз основа на кој стоката со вредност помала од 150 евра е ослободена од царина што, според Еврокомисијата, било масовно користено од измамници. Од Комисијата наведуваат дека е многу вообичаена практика да се обезвреднуваат пакетите кои влегуваат во ЕУ за да се избегне плаќање царина.
Еврокомесарот за економија, Паоло Џентилони, изјави дека воведувањето царини за стоки вредни помалку од 150 евра не би требало да доведе до зголемување на потрошувачките цени.
„Тоа не е нашата цел. Тарифите за мали пакети ќе бидат многу мали. Очекуваме дека приходите од е-трговија за земјите-членки ќе достигнат една милијарда евра годишно, и тоа само затоа што поголем број пакети ќе бидат минимално оданочени“, појасни Џентилони.
Комисијата посочува дека ова е најобемната реформа на царинската унија на ЕУ од нејзиното формирање во 1968 година.
Турција е членка на царинската унија, што значи дека може да тргува со ЕУ без царини, но не може да има своја целосно независна трговска политика. Од друга страна, до неодамна членката на ЕУ, Велика Британија, не ја сакаше „турската опција“ и реши да ја напушти царинската унија, што создава големи проблеми во Северна Ирска.
Предлогот на Комисијата мора да биде одобрен од Советот на ЕУ и Европскиот парламент.

https://taxation-customs.ec.europa.eu

## ЕВРОБАРОМЕТАР

Еден од клучните заклучоци на флеш-истражувањето на Евробарометар спроведено во април 2023 година е тоа што Европејците ценат дека ЕУ обезбедува експертиза и им помага на земјите-членки во дизајнирањето и имплементацијата на реформите во широк опсег на политички области. Тоа ја потврдува важноста и потребата од поддршка понудена од Инструментот за техничка поддршка (TSI) на Комисијата.

На прашањата кон Европејците во кои области земјите-членки можат да имаат најголема корист од поддршката на ЕУ за дизајнирање и спроведување на реформите, дадени се следните одговори:

42% од Европејците мислат дека ЕУ може да поттикне размена на добри практики меѓу земјите-членки; 42% ја потврдуваат важноста на поддршката на ЕУ за земјите-членки во управувањето со кризи, како што се пандемии, природни катастрофи или конфликти; 34% сметаат дека ЕУ може да обезбеди знаење и експертиза на земјите-членки при дизајнирање и спроведување на реформите; 34% велат дека ЕУ може да обезбеди финансиска поддршка за реформите на земјите-членки; 31% веруваат дека ЕУ може да помогне за подобрување на вештините и компетенциите во јавната администрација на земјите-членки.

Речиси половина од Европејците веруваат дека јавната администрација треба да биде поблиску до луѓето кои користат различни директни канали на комуникација, вклучително и интеракции в лице, како и да обезбеди појасни информации за процедурите и услугите. Европејците, исто така, побараа повеќе дигитални услуги (31%) и повеќе кориснички услуги за е-влада (35%). Европејците сметаат дека најпотребни се реформи во јавното здравство (56%) и образованието (50%). Во 11 земји-членки, повеќе од 60% од граѓаните бараат реформи во јавното здравство.

Досега, повеќе од 400 TSI проекти (вклучително и неколку нови проекти за 2023 година) придонесоа или ќе придонесат за подготовка или спроведување на RRP на земјите-членки, вклучително и реформи за промовирање на градењето капацитети на јавната администрација.

https://ec.europa.eu

## ТРЕНДОТ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ ВО 2022 ГОДИНА



Во 2022 година енергетскиот сектор се соочи со огромни предизвици. Руската инвазија врз Украина и поврзаните санкции наметнати од ЕУ кон Русија резултираа со значително влијание врз пазарите, што заедно со транзицијата кон обновливите извори на енергија и зголемувањето на цените на енергијата, нафтата и гасот на крајот на 2021 година, го отежна животот на сите.

Со оглед на тоа што Русија беше најголемиот снабдувач на фосилни горива за ЕУ, нафтата беше една од компонентите на енергетскиот микс најмногу погодена од конфликтот, и додека побарувачката остана стабилна, увозот на нафта и нафтени деривати од Русија се намали од 15.724 илјади тони на 6.248 илјада тони за само 12 месеци. Во споредба со 2019 година, увозот на нафта од Русија се намали од 207.070 илјади тони на 133.380 илјади тони во 2022 година (-36%).

Оваа ситуација создаде простор за другите увозни партнери да ја зголемат својата понуда. Во споредба со 2019 година, Соединетите Американски Држави го зголемија годишниот извоз во ЕУ за 25.813 илјади тони (+63%), Норвешка за 16.695 илјади тони (+37%), Бразил за 8.711 илјади тони (+194%), Ангола за 4 140 илјади тони (+57%) и Обединетите Арапски Емирати за 1.435 илјади тони (24%).

Покрај тоа, ЕУ дозволи две итни ослободувања на акции во 2022 година (1 март, 1 април) за да се стабилизира пазарот.

https://ec.europa.eu

## МАКРОФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Комисијата за меѓународна трговија во Европскиот парламент со 33 гласа го поддржа предлогот за доделување макрофинансиска помош за Северна Македонија до 100 милиони евра за покривање дел од нејзините финансиски потреби за оваа година.
Ќе се исплаќа во две транши, за што нашата земја мора да ги спроведе мерките договорени со ЕУ во областа на даночната политика, даночниот менаџмент, управувањето со јавните инвестиции, јавно-приватното партнерство, подобрувањето на деловното опкружување, реформите во судството и борбата против корупцијата.
Другиот услов е задоволително спроведување на програмата на ММФ.
Европратениците забележуваат дека по делумно закрепнување од рецесијата после пандемијата на Ковид-19, Северна Македонија е сериозно погодена од руската агресија во Украина.
Макрофинансиската помош е дел од поширокиот ангажман на ЕУ со соседните партнери и партнерите за проширување, и е наменета како исклучителен инструмент за одговор на кризи за партнерите, кои се соочуваат со сериозни проблеми со платниот биланс. Тоа ја покажува солидарноста на ЕУ со овие партнери и поддршката на ефективни политики во време на криза, без преседан.
Извештајот на ИНТА треба да биде изгласан од сите европратеници за време на јунската пленарна сесија. Откако Советот на ЕУ ќе ја одобри поддршката, таа ќе биде објавена во Службениот весник на ЕУ и ќе се применува следниот ден по нејзиното објавување.

https://www.europarl.europa.eu

## ДИРЕКТИВА НА ЕУ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА




На 50-годишнината на состанокот на Европската конфедерација на синдикати (ETUC) во Берлин, работничките лидери и пратениците на ЕУ се залагаа за побрзо спроведување на Директивата за минимална плата и ја критикуваа улогата на корпоративниот профит во зголемувањето на цените.
Директивата од 2022 година им наложува на земјите-членки на ЕУ, кои имаат законски минимални плати, да воведат процеси за да се осигурат дека стапките на платите остануваат „соодветни“, а двегодишниот период на имплементација започнува во октомври.
Директивата ги принудува земјите-членки со покриеност на колективно договарање под 80% да подготват акциони планови за нејзино зголемување, со што ќе се зајакне позицијата на синдикатите.
Многумина кои зедоа збор на Конгресот на ETUC ја истакнаа потребата од повисоки стапки на колективно договарање низ Европа и земјите-членки да ја спроведат директивата што е можно поскоро.
Најновите податоци од Европската централна банка и Евростат имаат тенденција да ја поддржат анализата на социјалдемократската европратеничка, Агнес Јонгериус. И покрај тоа што е тешко да се измери „огромниот профит“, бројките покажуваат дека профитот навистина бележи голем раст.
Податоците сугерираат дека ценовната моќ на компаниите моментално ја надминува моќта на работниците, што одговара на општата шема на долгорочен пад на силата на синдикатот.

https://www.euractiv.com

## МЛАДИНСКА НАГРАДА КАРЛО ВЕЛИКИ 2023




Белгиска апликација за бегалци, Литвански мобилен климатски музеј и холандска платформа за млади новинари за европски прашања се добитници на младинската награда „Карло Велики“ за 2023 година. Наградата беше доделена на церемонијата на 12 мај 2023 година во Ахен.
Првата награда од 7.500 евра ја освои „AILEM“ од Белгија - првата јазична апликација приспособена за бегалците и барателите на азил и развиена во консултација со нив. Го користи јазикот за да ги разбие меѓукултурните недоразбирања и празнините во знаењето меѓу бегалците и нивната земја-домаќин и вклучува корисни фрази, приказни и игри за учење јазик, како и начини за поврзување со други корисници.
Заедничката награда за второ место, секој победник доби 3.750 евра, им беше доделена на „Мобилен климатски музеј“ (Mobili Klimato muziejaus paroda) и на „Европски кореспондент“ од Холандија.
„Мобилен климатски музеј“ (Mobili Klimato muziejaus paroda) е основан во мај 2022 година, со цел да ги охрабри луѓето да усвојат климатски стил на живот. Се состои од четири мобилни морски контејнери со изложби за климатските промени, Зелениот договор на ЕУ, одржливо земјоделство и практични совети за здрава исхрана за да се намали потрошувачката
„Европски кореспондент“ е основан во 2022 година и обединува над 140 млади новинари од цела Европа за да продуцираат новинарство фокусирано на Европа. Европската награда за млади „Карло Велики“, која заеднички ја доделуваат Европскиот парламент и Меѓународната фондација за награда Карло Велики.

https://www.europarl.europa.eu

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА РЕФОРМА НА ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ЕУ



Девет земји-членки на ЕУ на 4 мај годинава покренаа нова иницијатива за реформа на пристапот на ЕУ во донесувањето на одлуките за надворешната политика и одбраната. После повеќе години расправа за ова важно прашање, иницијативата е покрената од групата држави предводени од Германија и со учество на Белгија, Франција, Финска, Италија, Луксембург, Холандија, Шпанија и Словенија.
Целта на групата е да се подобри ефикасноста и брзината во донесувањето на одлуките, имајќи ја предвид актуелната политичка ситуација со војната на Русија против Украина и растечките меѓународни предизвици со кои се соочува Унијата.
Наместо едногласно одлучување, групата повикува на користење квалификувано мнозинство за клучни прашања од надворешната политика и одбрана, што подразбира дека 15 од 27 земји-членки треба да бидат согласни – сѐ додека претставуваат повеќе од 65% од популацијата на ЕУ од вкупно 450 милиони. Ваквиот систем ги фаворизира Германија и Франција како најнаселени земји во ЕУ. Претходно ваква иницијатива не беше успешна поради стравувањето на помалите земји-членки, особено источноевропските држави, кои сметаат дека би биле занемарени и надгласани. Моментално, гласањето со квалификувано мнозинство се користи за повеќето од работите на ЕУ, но не и за надворешната и безбедносната политика, која претставува суштински национален суверенитет. За да се отворат преговори за промена на договорот потребно е просто мнозинство од 14 од 27 земји-членки, додека за правно-обврзувачкиот договор потребна е ратификација од сите 27 земји-членки. Одредени земји-членки веројатно прашањето ќе го стават и на референдум, што отвора можност за одредени пречки.
Градењето на консензус внатре во ЕУ може да биде макотрпна работа, но тоа е дополнителна вредност на демократијата и различностите.

https://euractiiv.com

## ЕВРОПСКИ ЗАКОН ЗА МЕДИУМИ



Нов компромисен текст за Европскиот акт за слобода на медиумите од шведското претседателство на Советот на ЕУ предлага промени во областите, вклучувајќи го прагот на примена на правилата за транспарентност за распределбата на јавните средства и одредбите што опфаќаат шпионски софтвер и заштита на изворите.
Новиот закон за медиуми има за цел да ја зголеми транспарентноста во сопственоста на медиумите и да го зајакне плурализмот на секторот.
Предлогот вклучува мерки за спречување на земјите-членки да ги обврзат новинарите да ги откријат своите извори или да користат шпионски софтвер против давателите на медиумски услуги. Се појаснува дека правилата овде не ја нарушуваат одговорноста на земјите-членки за заштита на националната безбедност. Во текстот се предлага и промена на членот кој се однесува на распределбата на јавните средства за државно рекламирање и набавки. Земјите-членки можат „да ги ослободат локалните влади на територијални ентитети со помалку од 100.000 жители“, како и сите субјекти директно или индиректно контролирани од нив, од релевантните обврски за известување.
Клучна грижа од земјите-членки беше да се осигураат дека новиот Европски одбор за медиумски услуги, кој треба да ја замени Групата европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги, треба да биде независен од Европската комисија. Секретаријатот ќе му помага на Одборот во изработувањето на неговите резултати, но притоа ќе мора да ги следи упатствата на Одборот и неговиот претседавач. Кога станува збор за мониторингот на внатрешниот пазар за медиумски услуги текстот, исто така, сугерира Комисијата, во консултација со Одборот, да дефинира методолошки заштитни мерки за да обезбеди објективност и критериуми за избор на мониторингот заедно со клучните показатели за успешност што веќе имала задача да ги осмисли.

https://www.euractiv.com

## УКИНУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ПОДДРШКА



Европската комисија на 26 мај 2023 година издаде политички насоки до земјите-членки на ЕУ, барајќи од нив постепено да ги укинат постојните мерки за поддршка на енергијата до крајот на 2023 година. Комисијата ја нагласува потребата земјите од ЕУ да ги интензивираат напорите за намалување на потрошувачката на фосилни горива. Дополнително, сите нови мерки за поддршка воведени по 2023 година треба да бидат насочени кон заштита на ранливите домаќинства и фирми, да бидат финансиски одржливи и да одржуваат стимулации за заштеда на енергија.
Комисијата ја нагласува важноста од спроведувањето на законодавството за климата и енергијата за да се постигне 55% намалување на емисиите на стакленички гасови (GHG) до 2030 година. Обезбедени се специфични препораки за земји како Франција, Италија, Германија и Полска, фокусирајќи се на области како што се обновливите извори на енергија, распоредување енергија, диверзификација на увозот на енергија и административни подобрувања. Фискалните правила беа суспендирани за време на пандемијата Ковид-19, но таа суспензија треба да истече во 2024 година. Прегледот на правилата е во фаза на дискусија, но сè уште има отворена дебата за тоа како да се заштитат инвестициите со намалување на долгот и дефицитот. Комесарот Паоло Џентилони истакна дека сигналите се позитивни.

https://www.euronews.com

## ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЖИВЕАТ 446,7 МИЛИОНИ ЛУЃЕ

Во Европската Унија (ЕУ) во 2022 година живееле 446,7 милиони луѓе. Најнаселена земја-членка е Германија (83,2 милиони, 19% од вкупниот број во ЕУ), втора е Франција (67,9 милиони, 15%), а во првите пет се и Италија (59,0 милиони, 13%), Шпанија (47,4 милиони, 11%) и Полска (37,7 милиони, 8%).
Овие пет земји-членки сочинуваат вкупно две третини од населението на ЕУ.
Најмалку населени земји-членки на ЕУ, пак, се Малта (521.000 луѓе, што е 0,1% од вкупниот број на ЕУ), Луксембург (645.000, исто така 0.1%) и Кипар (905.000, 0.2%).
Во периодот од 2001 до 2020 година, вкупното население на ЕУ се зголемило од 429 милиони на 447 милиони, што претставува раст од 4%. Седумнаесет земји-членки имале раст на населението во овој период, а десет евидентирале намалување. Најголеми релативни зголемувања се забележани во Луксембург (43%), Малта (31%), Ирска (30%) и Кипар (27%), додека најголемо намалување имаат Литванија (-20%) и Летонија (-19%). Меѓутоа, меѓу 1 јануари 2020 година и 1 јануари 2022 година, населението на ЕУ се намалило за 585 000 луѓе. Највисоки намалувања во апсолутни бројки се забележани во Италија (-611 000, што одговара на -1,0%) и во Полска (-304 000, -0,8%), а во релативна смисла во Хрватска (-4,8%, -196 000) и Грција (−2,4%, −259 000).
Севкупно, десет земји-членки на ЕУ имале намалување на нивното население во текот на двегодишниот период 2020-2021 година, додека останатите забележале зглемување. Најголем апсолутен раст има Франција (552 000, 0,8%), а Луксембург највисок релативен раст (3,1%, 19 000).

https://www.euronews.com

## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО МАЈ 2023 ГОДИНА

- *Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, по скратена постапка
- *Закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10д (делница на автопатот Прилеп– Битола) во Република Северна Македонија, по скратена постапка




*ЕУ КАЛЕНДАР / јуни 2023*

1. *Состанок на Советот за надворешни општи работи, 21, 22 и 27/6/2023, Брисел;*
2. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 12-15/6/2023, Стразбург;*
3. *Состанок на Советот за надворешни работи, 26/6/2023, Брисел.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




